

## ПРЕСПА ВО ДЕЛАТА НА СЛАВЕ КАТИН

Почнувајќи од древниот период па до денес Македонија била, е и ќе биде место каде што се вкрстуваат различни цивилизации. Така христијанството се појавило на овие балкански простори, а со тоа и во Преспа пред многу векови, односно уште од времето кога апостол Павле дошол во Македонија.

Историски гледано, почнувајќи од древните времиња на Филип и Александар Македонски, преку римскиот и византискиот период, како и преку големите миграции на Словените кон југ и на други народи, а потоа и за време на отоманскиот период, Македонија била раскрсница на нации, цивилизации, култури, јазици, религии...

Македонскиот народ во неговата долговековна борба за своја сопствена држава, за национална и за културна слобода и независност, во исто време, се борел и за независност на својата Православна црква. Затоа историјата на македонскиот народ во

изминатите илјада години секогаш била тесно врзана со Македонската православна црква-Охриска ариепископија. Црквата била таа која организирала голем дел од културната и од уметничката дејност на македонскиот народ, пред сѐ преку градење цркви и манастири.

Историјата на Македонската православна црква – Охридска архиепископија е тесно поврзана со историјата на македонскиот народ. Тие со векови заедно егзистираат и во исто време страдаат и се борат против денационализацијата и неправдата кон македонскиот народ на Балканот и на други места насекаде по светот.

Црквата одиграла првостепена улога за македонскиот народ во текот на тешките периоди на ропство. Затоа се вели дека Црквата била основата на националното признавање и лулка на ренесансата на Македонците во подолг период.

Македонската православна црква - Охридска архиепископија игра значајна улога во собирањето на Македонците како во државата, така и во светот. Тоа е особено изразено со конституирањето на Република Македонија, по обновувањето на Охридската архиепископија во 1958 година и по прогласувањето на нејзината автокефалност во јуни 1967 година. Македонската православна црква - Охридска архиепископија направи силен пробив меѓу православните Македонци во државата и меѓу бројната македонска емиграција во прекуокеанските земји - САД, Канада и Австралија, како и меѓу Македонците во Европската Унија и во други земји.

Преспа како дел од етничка Македонија е карактеристичен регион во кој Македонската православна црква - Охридска архиепископија одиграла значајна улога. Христијанското население од Преспа ги искажувало духовните и интелектуалните потенцијали низ дејноста на Охридската архиепископија. Негувањето на црковната литература, архитектура и сите видови на ликовната и применетата уметност, сврзани за иконографијата и литургијата во науката се високо оценети.





**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**